**Влада на Република Северна Македонија**
**Министерство за транспорт и врски**
**Државен инспекторат за градежништво и урбанизам**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ
INSPEKTORATI SHTETEROR PËR NDËRTIMTARI DHE URBANIZËM
Бр.-Nr. 01-575/2
02.10. 2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ПРОГРАМА ЗА ИСПИТ ЗА ЛИЦЕНЦА ЗА ИНСПЕКТОР
# ПРАКТИЧЕН ДЕЛ
# ЗА 2020/2021 ГОДИНА

Дел. Бр. ________________

Датум: ________________

м.п.

Место: ________________

Изработил:
Наташа Гребенарова Теофиловска
Раководител на одделение

## ВОВЕД

Во согласност со член 43, став 5 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија бр.102/2019„), Директорот на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, донесува Програма за испит за лиценца за инспектор – практичен дел за 2020/2021 година, за следните видови инспектори: Градежен инспектор и Урбанистички инспектор.

Практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор се полага врз основа на Програма за испит за лиценца – практичен дел, која пак е во согласност со Програмата за практична работа и обука на работно место за стекнување со лиценца за инспектор (согласно член 42 став 6) и Правилник за начинот за спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор („Службен весник на Република Северна Македонија бр.238/2019„).

Практичниот дел од испитот се полага во првата закажана испитна сесија, по завршување на девет месечната практична работа и обука на работно место, под надзор на ментор во инспекциската служба каде е вработен кандидатот за инспектор, избран преку постапка за вработување и кандидатот за инспектор вработен преку постапка за превземање на администативен службеник.

Со практичниот дел од испитот се врши оценување на знаењата и вештините на кандидатите стекнати за време на практичната работа и обука на работно место за стекнување со лиценца за инспектор, за прашања кои се опфатени со соодветни теми од 1 (еден) модули за градежни инспектори и 1 (еден) модули за урбанистички инспектори.

Програма за испит за лиценца– практичен дел, база за прашања за испитот, како и релевантната литература потребна за подготовка на кандидатот за инспектор, за полагање на испитот, се јавно достапни на веб страницата на Инспекциски совет.

## МОДУЛИ И ТЕМИ ЗА ИСПИТ ЗА ЛИЦЕНЦА ЗА ИНСПЕКТОР – ПРАКТИЧЕН ДЕЛ

Програма за испит за лиценца – практичен дел, за Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, кои се распределени на работните места по области на надзорот произлегува како потреба од надлежностите на делокругот на работа што се утврдени согласно одредбите на материјалните закони според кои постапуваат двата вида на инспектори во инспекциската служба и тоа:

- I - Градежни инспектори и
- II - Урбанистички инспектори.

## I - Градежни инспектори

*Модул 1* – Закон за градење

- Тема 1.1 – Начела и организација
- Тема 1.2 – Права, обрвски и овластувања на инспекторите
- Тема 1.3 – Прекршочни одредби

## II - Урбанистички инспектори

*Модул 1* – Закон за урбанистичко планирање

- Тема 1.1 – Начела и организација
- Тема 1.2 – Права, обрвски и овластувања на инспекторите
- Тема 1.3 – Прекршочни одредби